# Редовен програмски надзор врз ТВ 24 Вести, ТВ М, ТВ МТМ, ТВ Стар и ТВ Студио Тера

**Скопје, 18.07.2019** – Врз  телевизиите ТВ 24 Вести, ТВ М, ТВ МТМ, ТВ Стар и ТВ Студио Тера, Агенцијата изврши редовен програмски надзор за повеќе законски обврски.

При надзорот врз ТВ 24 Вести на 3 јуни, утврдено е рекламирање на поделен екран при што меѓу двете (поп-ап) реклами на поделен екран не беше запазено растојание од најмалку 15 минути, додека кај ТВ Стар со надзорот извршен на 5 јуни, се утврди не емитување најмалку 30% изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела.

Кај ТВ Тера, надзорот извршен на 4 јуни покажа непочитување на обврските за емитување 30% изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела во периодот од 7.00 до 19.00 часот, обврските за употреба на јазикот во програмата, како и рекламирање на поделен екран спротивно на ЗААВМУ, при што меѓу двете (поп-ап) реклами на поделен екран не беше запазено растојание од најмалку 15 минути.

**Извештаите се достапни на следните линкови:**

ТВ 24 Вести – (прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМУ – член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники) – 18.07.2019

ТВ М – (член 50 став 3, членови 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101, член 52, член 93 и член 94 од ЗААВМУ) – 18.07.2019

ТВ МТМ – (член 50 став 3, членови 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101, член 52, член 93 и член 94 од ЗААВМУ) – 18.07.2019

ТВ Стар – (член 50 став 3, членови 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101, член 52, член 93 и член 94 од ЗААВМУ) – 18.07.2019

ТВ Стар – (прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ) 18.07.2019

ТВ Студио Тера – (член 98 став 2 од ЗААВМУ – член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники ) – 18.07.2019

ТВ Студио Тера – (член 92 став 3 од ЗААВМУ) – 18.07.2019

ТВ Студио Тера – (член 64 став 1 од ЗААВМУ) – 18.07.2019